Маргарита ПАШЕВСКА

# ПРИЛОГ КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ФРАНЦУСКАТА ПОЛИТИКА КОН ШИРЕЊЕТО НА КАТОЛИЧКАТА ПРОПАГАНДА И НА УНИЈАТСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

Политиката на Франција спрема Османската империја и спрема Македонија како нејзин составен дел, имал долга историја. Тоа се изразувало посебно во политичкото и стопанското влијание, но истовремено истото добивало израз и во религиозен поглед во ширењето на католичката пропаганда и на унијатството.

Католочката пропаганда на Франција започнала да се шири уште од времето на донесувањето на првата капитулација во 1535 година. Во оваа капитулација за првпат се содржани точки што се однесуваат за ширењето на религиозната пропаганда. Почнувајќи од донесувањето на капитулацијата, Франција долго време ја спроведувала оваа пропаганда.[1]).

Во основа на капитулациите започнала да се заснова француската политика и концепција за спроведување на католичката пропаганда, во што, всушност, се однесувал протекторатот на христијаните. Така, Семонвил (Semonville Charles -Louis Huguiet marquis de 1759-1839), пратеник на Франција во Цариград, во есента 1792 година бил определен да ги брани прерогативите на католичката црква. Следниот француски пратеник во Цариград, Дескорш добил инструкции да ги чува сите права што дотогаш ги имала Франција на религиозен план. Исти такви инструкции добил и наследникот на Дескорш, Вероник. Директориумот со своите инструкции до Обер де Боаје, од 1796 година, барал да ги чува новите принципи на слобода на култот, но исто така и да ги штити сите пријатели на Франција, какво и да е нивното убедување.[2]) Во тоа време Франција барала од Високата порта потврдување на своите права со

[1]) А.К. Людсканов, Капитулациите. — Периодическо списание на българското книжевно дружество в Средец. — (Средец) IV/XIII (1885) 10.

[2]) Кирил Патријарх български, Католичката пропаганда сред българите през втората половина на XIX в. (1859-1865). Т. I. София 1962, 78-79.

што би ја зачувала постојната положба на Османската империја.

Под заштита на француските дипломати, во Османската империја дејствувале многубројни мисионери.[3]) Тие добивале привржаници сред султановите поданици. Во таа насока политиката на Франција наполно се совпаѓала со политиката на папството. Целта била да се постигне унија меѓу словенските народи во Османската империја и Римо-католичката црква. Искористувајќи ја дипломатската и територијалната поддршка на католичките држави, пред сè на Франција, папството извојувало стабилни позиции во Османската империја, а посебно во Европска Турција.[4]) За спроведување на својата католичка пропаганда папството пред сè се потпирало на Франција, која се сметала за покровителка на католиците на Исток. Таа од 1740 година започнала да ги претставува интересите на Ватикан пред Високата порта, бидејќи папството таму немало свои дипломатски агенти.

Оваа политика започнала да се спроведува поинтензивно во XIX век. Така во 1850 година полскиот мисионер абатот Черлески, началник на словенскиот католички институт во Париз, со одобрение на папата и со полномоштие на парискиот архиепископ, во Париз основал „Католичко-словенски институт за подготовка на мисионери". Овие мисионери требало да бидат испраќани во Турција и во Македонија за да ја шират католичката вера. Истата година бил создаден и комитет кој го раководел Дук Д'Кадор. Тој пак бил под раководство на архиепископот од Париз со цел да ја шири католичката пропаганда на Исток. Потоа овој комитет се преобразил во „Источно друштво за обединување на сите христијани".[5]) Ова друштво предвидувало да се создаде патријаршија на чело со еден католичко-словенски патријарх, да биде назначен еден кардинал од словенско потекло, потоа да бидат испратени католички мисионери во Европска Турција, кои ќе подготвуваат ученици за вршење на православни обреди.[6]) Овие одредби на мисиите требало да го опфатат целото население во Османската империја.[7])

Распространувањето на католицизмот во Османската империја значело, од друга страна, ширење на француското политичко и религиозно влијание на Исток.[8]) Франција обрнала

---

[3]) Bernard Woulex, Histoire des mision catoliques français, Paris 1951; (Според: Маркова Зина, Българското църквено-национално движение до Кримската война, София 1967, 169).

[4]) А. Милетич, Из историјата на българската католическа пропаганда в XVIII в. — Български преглед I/X-XII (1894), 146.

[5]) Кирил Патрярх, Op. cit. 86.

[6]) Ibid., 87.

[7]) Зина Маркова, Op. cit., 178.

[8]) Ibid.

внимание кон католичката пропаганда и тоа дало добри резултати. Се зголемил бројот на мисионерите. Се активирала нивната дејност на Исток и во Европската Турција, а во тој склоп и во Македонија.[9])

Во Македонија во педесеттите години на XIX век продолжил отпорот против злоупотребите на Цариградската патријаршија. Во почетокот се испраќале петиции, молби и протести против злоупотребите на грчките митрополити. По Кримската војна одредени групи на македонски првенци започнале да стапуваат во контакт со католичките мисионери од редот на лазаристите во Солун, кои ја прошириле својата мисија во цела Македонија. Таа во 1855 година отворила основно училиште во Битола, во кое се предавало француски, латински и грчки јазик. Предметите биле предавани од учителот Иван Вукадиновиќ од Далмација. Унијатите сакале да го придобијат и Димитар Миладинов. Откако не можеле да го придобијат, тие преминале кон придобивање на нови личности.[10])

Во 1862 година било отворено унијатско училиште во Солун, а исто така и во другите места на Македонија.[11])

Ползувајќи ја заштитата на Франција, која по Кримската војна имала големо политичко и стопанско влијание во Турција, Римо-католичката Конгрегација за пропаганда на верата основала во Македонија два мисионерски центри и тоа во Битола и во Солун. Во допир со македонските црковно-училишни општини, мисионерите сугерирале да се реши црковното прашање преку унија со Римо-католичката црква, со цел да се дојде до ослободување од влијанието што го имала Цариградската патријаршија. Најголем чекор презел градот Кукуш. Кукушаните се обратиле до францускиот конзул во Солун. Тој на 23 јули 1859 година се обратил со молба до папата Пије IX, со цел тие да бидат примени под јурисдикција на Римската црква, но, тие барале да ги зачуваат сите права што дотогаш ги имале нивните православни обреди во црквата и македонскиот јазик во училиштата. Папата Пије IX се согласил со овие барања на кукушаните и ги примил под своја јурисдикција.[12]) Со тоа започнало поизразито ширење на унијатството во Македонија. Унијатството во прво време било ограничено во просторот: Кукуш, Еница Вардар и некои гевгелиски села. Но, католичките агенти, особено лазаристите од

---

[9]) Иван Алтанов, Източният въпрос и нова Турция с особен оглед към интересите на България, София 1926, 68.

[10]) Крсте Битовски, Дејноста на Пелагониската митрополија од Берлинскиот конгрес до поделбата на Македонија (1878-1912). Грчки религиозно-просветни установи и вооружени акции, Скопје 1968, 161.

[11]) Българска возрождена книжнина, София 1959, Т. II. 544.

[12]) Историја на македонскиот народ, Т. II Скопје 1969.

Солун, кои ги помагала Франција, отворале свои училишта и цркви и тоа во Солун, Кавала, Кукуш и во други места во Македонија. Подоцна тие отвориле и стручни училишта за подготовка на учители и свештеници кои имале за цел да ја шират католичката вера во Македонија.[13])

Овие установи Франција ги помагала парично.

Конгрегацијата на верата во Рим и Франција иднината на својата агитација ја гледале во просветните установи. Преку отворањето на училишта Франција се спремала да ѝ парира на Русија, која од своја страна исто така, примала на школување деца од Македонија. Франција сè повеќе ја ширела мрежата на просветните установи. Во овие училишта се учело на мајчин јазик под покровителство на Франција. Таа постојано ги помагала овие училишта. Редовната помош изнесувала 4.000 франци, а вонредната 2.000 франци.[14])

Улогата на Франција во ширењето на католичката вера во Македонија главно се сведувала во помагање на католичкото учебно дело. Таа ги помагала и финансирала основаните од мисијата училишта, колежи и др. Таа, отпуштала и државни стипендии, ја проширила и печатарската дејност, така што печатницата на лазаристите во Цариград публикувала книги од различни јазични подрачја. Со прашањата за зголемување на нејзината продукција се занимавала и француската дипломатија. Во четириесеттите години на XIX век, пратеникот Буркне успеал да уреди да се пренесат од Смирна во Османската престолнина весниците што биле финансирани од Франција. Тие служеле за ширењето на нејзината политика на Исток.[15])

Со настојувањето да ја шири религиозната пропаганда Франција продолжила да испраќа бројни католички мисионери во Османската империја. Нив, најмногубројно ги имало во Цариград, Одрид и Пловдив.[16]) Овие мисионери, исто така, дејствувале и во внатрешноста на Македонија. Највидни резултати постигнала лазаристичката мисија. Така, во Битола во тоа време била создадена мала унија, во која влегувале десет семејства. Унијатството се ширело и во Тиквешијата и во Велешко, каде биле опфатени десет села. Унијатството се проширило и во Гуменџе, каде 217 фамилии ја примиле унијата. Унијатството не се задржало долго време во овој град.[17])

---

[13]) Ibid.

[14]) Archives des Affaires Etrangeres. Paris. — Turquie 1860-1870. (Depêches politiques des Salonique et Larisse. Salonique 10. V 1867, No. 156; (Според Славко Димевски, Митрополитот скопски Теодосиј. Живот и дејност (1846-1926), Скопје 1965, 165).

[15]) Зина Маркова, Op. cit., 92.

[16]) Кирил Патрярх, Op. cit., 92.

[17]) Славко Димевски проторej ставрофор, Црковната историја на македонскиот народ, Скопје 1965, 143.

Унијатството се ширело и во другите центри на Македонија. Архиепископот на Тарон, Бруноин износувал податоци за Солун во 1860 година кога овој град имал 70.000 до 75.000 жители, 450 биле католици. Во исто време градот Битола имал 200 католици.[18])

На Берлинскиот конгрес на Франција ѝ биле потврдени правата на протекторат над Светите места и според тоа таа и понатаму продолжила да ја шири католичката религиозна пропаганда во Османската империја, а во тој склоп, и во Македонија.[19])

Така, по Берлинскиот конгрес, апостолскиот администротор на унијата во Македонија, епископот Нил, ја молел Конгрегацијата за пропаганда на верата да се застапи кај амбасадорите на Австро-Унгарија и Франција тие да дејствуваат во полза на унијата кај османските власти.[20])

Франција наидувала на тешкотии во ширењето на оваа пропаганда. Во ова време и Австро-Унгарија се стремела да ја стави оваа пропаганда под своја контрола. Светиот стол не можел да го заобиколи фактот дека двојната монархија во овој период имала големо влијание на Исток. Така, во циркуларот на кардиналот Сименони, издаден под наредба на папата Лав XIII од 22 мај 1886 година, се предвидувало да се задржи францускиот протекторат во земјите на Исток. Во местата на мисионерите, каде протекторатот на Австро-Унгарија бил посилен, тој се задржувал без измени.[21])

Во своето писмо од 21 октомври 1887 година францускиот конзул во Солун, Сен Марие, го известил министерот за надворешни работи на Франција, Флоренс, дека господинот Бонети дошол во Македонија да ја проучи можноста за премин во унија со католичката црква.[22]) Во одговорот на ова писмо, министерот за надворешни работи на Франција, Флоренс, на 31 октомври 1887 година, му напишал на Сен Марие

---

[18]) Н. Михов, Населението во Турция, България София 1935, Т. III, 60.

[19]) Gabriel efendî Noradanghian, Recueil d'actes international de l'Empir Ottomane, traites, convention, arrangements, declarations, protocoles, proces-verbaux, firmans, berats, lettres, patentes et autres documents relatifs au droit. Publis axterier de la Turquiee. Paris 1903. T. 4, 192.

[20]) Кирил Патријарх български, Българската екзархија в Одринско и Македония след Ослободителната война (1877-1878), София 1970. Т. I, 316.

[21]) Pine Pinon, L'Europe et l'Empire Ottomane. Les aspectes actuelle de la Question d'Orient, Paris 1909, 56.

[22]) Archives de Ministere des Affaires Etrangeres, Paris. Corespondance politique de consule Salonique. T. 9 (1887-1889), Izveštaj od 21 oktomvri 1887) (Архив на Македонија), Скопје. Микро филм 97.

дека во Солун за милосрдните сестри требало да биде одобрена сума од 500 франци. Исто така, тој решил да одвои сума од 300 франаци за отворање на лазаристичка мисија во градот.[23])

За ширењето на католичката пропаганда во Македонија го испратиле господинот Хиперт, лазаристички свештеник од Солун во Кавала со тоа што ќе спроведува католичка мисија во градот. Тој требало да ја испита можноста за основање на едно француско училиште во градот[24]) Во писмото на францускиот конзул во Солун до министерот за надворешни работи на Франција од 29 февруари 1888 година се напомнува дека господинот Хиперт се обратил до него со предлог да се формира лазаристичка установа од една католичка капела. За таа цел, тој барал сума од 300 франци како прва помош. Оваа мисија требало да биде ставена под француски протекторат.[25])

Преку лазаристичката мисија Франција сакала да извлече корист за својата политика. За таа цел, таа не ги жалела средствата што ги ослободувала за помош на оваа мисија.[26])

Католичкиот црковен ред на лазаристите, чие седиште се наоѓало во Битола и во Солун, се проширил и во другите делови на Македонија. Во привлекување на привразаници особено се истакнале братот и сестрата Алоати. Јозеф Алоати ги примил православните обреди, а сестра му формирала женски род на евхаристинки, со седиште во манастирот Паљурци, близу Гевгелија. Братот и сестрата Алоати проповедале и подучувале Македонци и се служеле со македонски јазик. Сестрата Алоати отворила неколку католички училишта и сиропиталишта во Македонија, и имала голем успех кај женските македонски деца.[27])

Францускиот министер за надворешни работи, Лисиан Проа, во едно писмо од 31 јули 1903 година, испратено од Битола до А. Фиот, старешина на лазаристите во Париз, пишува: „Ние добро работиме во Битола оваа година. Работата на милосрдните сестри и на мисионерите, а исто така и на нашите две училишта дадоа резултати што ги надминаа нашите надежи".[28]) Од ова се гледа колкав бил успехот на лазаристичката мисија во градот.

---

23) Ibid, Извештај од 31 октомври 1887 год.

24) Ib, Извештај од 21 септември 1887 год.

25) Ib., Извештај од 29 февруари 1888 год.

26) Никола Сотироски, Извештаји француских конзула у Битољу о југозападној Македонији у доба Кримског рата. ЈИЧ 4 (1969), 113.

27) Историја на македонскиот народ. Т. II, 129.

28) Annales de la congregation de la Mission Lazaristes. Paris (1903). T. IV, 405 (Според Славко Димовски, Католичките мисионери во Македо-

Според една статистика од 1903 година на чело на унијата во Македонија стоел апостолскиот викар Епифан Шанов. Апостолската заедница имал четири пункта и тоа во Солун, Кукуш, Гевгелија и Еница Вардар. По селата биле распределени 24 свештеници и 4 млади воспитаници. Лазаристите биле распоредени на две мисии и тоа во Солунската и во Битолската. Солунската имала свои два пункта во 'Еница Вардар, во Кукуш и Гевгелија, а Битолската имал пункт во Костур кој бил основан по Илинденското востание. Лазаристичките мисионери во двете мисии броеле 14 лица, а бројот на милосрдните сестри од редот на Св. Винсен броел 43 лица. Женската мисија на Св. Винсен била оддел на мисијата на лазаристите, која имала самостојна установа и управа.

Лазаристите за да го придобијат месното население отворале и диспанзери.[29])

Со Илинденското востание настанува нов период во ширењето на католичката пропаганда во Македонија.

Франција постојано била заинтересирана за ова подрачје, посебно во раширувањето на нејзиното капиталистичко и империјалистичко влијание во Османската империја, а во тој склоп и во Македонија.

нија за Илинденското востание. — Гласник 1 (1963), 234; За ова види: Кочо Сидовски, Македонија и македонското прашање во „Annales de la congregation (Lazaristes) 1909-1919. — Гласник XV/3 (1971), 267-277.

[29]) Славко Димевски, Op. cit., 234.